РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВЕЛЕС
Бр. 11-2614/1
07.05. 2025 год.
ВЕЛЕС



Врз основа на член 50, став 1, точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 22 од Законот за Младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.10/20), член 3 од Одлуката за утврдување на услови за избор на Младинска организација или Организација за млади за раководење со Младински центар во Велес со бр. 25-2397/18 од 22.04.2025 година („Службен гласник на Општина Велес” бр. 05/25) и член 1 од Правилникот за условите, начинот и постапката за избор на Младинска организација или Организација на млади која ќе раководи со Младинскиот Центар во Велес со бр. 25-2397/19 од 22.04.2025 година („Службен гласник на Општина Велес” бр. 05/25), Општина Велес, објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
## за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес

Се повикуваат сите младински организации и организации за млади кои се регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија” бр. 52/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 239/22), како и во Регистарот на младински организации, организации за млади и чадор организации на Агенцијата за млади и спорт, а согласно Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.10/20) да се пријават на Јавниот повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес во временски период од 3 години.

***Право на учество на Јавниот повик имаат:***

- Младински организации, или
- организации за млади со седиште или подружница во Општина Велес кои се регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации во Регистарот на младински организации, организации за млади и чадор организации при Агенцијата за млади и спорт и Централен регистар на Република Северна Македонија и
- постојат повеќе од 3 (три) години и работат во полето на младинската работа.

***Потребна документација за пријавување на Јавниот повик:***

- Пријава;
- Годишна програма за работа на Младинскиот центар, разложена на активности со финансиска конструкција согласно определениот годишен буџет за раководење со центарот и истата ги исполнува Стандардите за квалитет на Младинските центри, преку која ќе се спроведува системска

поддршка на личниот развој на младите луѓе и нивното активно вклучување во животот на заедницата преку:

- Неформално образование: обучување и подучување на млади;
- Информирање, менторство, подучување и советување;
- Информално искуствено учење кое се случува во слободно време низ учество во забавни и волонтерски активности организирани за и од млади.

- Портфолио на младинската организација или организацијата на млади која се пријавува на Јавниот повик, во кое јасно се гледа нивниот придонес и работа во сферата на младинската работа;
- Биографии на сите лица кои ќе бидат ангажирани во спроведување на годишната програма–квалификувани младински работници согласно Националното портфолио за младински работници;
- Потврда дека Младинската организација или Организација за млади е регистрирана согласно Законот за здруженија и фондации во Регистарот на младински организации, организации за млади и чадор организации при Агенцијата за млади и спорт ( сега надлежно Министерството за социјална работа, демографија и млади) и
- Тековна состојба не постара од 6 (шест) месеци од Централен регистар на Република Северна Македонија.

Јавниот повик се објавува на ден 07.05.2025 година и трае 15 (петнаесет) дена, односно заклучно со 21.05.2025 година.

Пријавите со целокупната документација, во затворен коверт, се поднесуваат по поштенски пат или лично, до Комисијата за разгледување и евалуација на пријави за јавниот повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес, во архивата на Општина Велес, на ул. „Панко Брашнар", бр. 1, 1400 Велес, секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот.

Службеникот во архивата на Општина Велес, примените пријави ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат пријавите.

На ковертот треба да е наведена назнаката **„За Јавен повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес".**

Младинскиот центар треба да биде од отворен тип и да им биде достапен на младите најмалку 40 часа неделно, распоредени во најмалку 5 дена.

Пријавите ги разгледува посебно формирана Комисија за разгледување и евалуација на пријави за јавниот повик за избор на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес.

Со избраната младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес, Градоначалникот на Општина Велес склучува Договор за управување со Младинскиот центар во период од три години.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Panko Brasnar No 1*
*1400 Veles, Republic of North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*

Во случај на заедничка пријава од повеќе организации, Договорот ќе биде потпишан со една од организациите (предложена во апликацијата) во име на неформалната група организации.

Незадоволните кандидати од изборот на младинска организација или организација за млади која ќе раководи со Младинскиот центар во Велес имаат право на жалба против Решението за избор до Градоначалникот во рок од 15 дена од денот на објавување на донесеното решение на официјалната интернет страница на Општина Велес.

Напомена: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

Општина Велес



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Panko Brasnar No 1*
*1400 Veles, Republic of North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*